

# 17 Ноември - Светски ден на прематуритетот

## Факти

✓ Се проценува дека секоја година 15 милиони деца се раѓаат предвреме (пред завршени 37 седмици на гестацијата) и овој број расте.
✓ Компликациите од предвременото раѓање се водечки причини за смрт кај децата под 5 годишна возраст, и се одговорни за близу 1 милион случаи на смрт во 2015 година.
✓ Три четвртини од нив би можело да бидат спасени со денешните, кост-ефективни интервенции.
✓ Во 184 земји, стапката на предвремено раѓање има опсег од 5% до 18% од родените доенчиња.

---

*Прематуритетот се дефинира како живородени доенчиња пред да се завршат 37 седмици од бременоста*. Постојат поткатегории на предвремено раѓање врз основа на гестациската старост:
*Екстремно предвремено раѓање* (< 28 недели)
*Мошне предвремено раѓање* (од 28 до < 32 недели)
*Умерено до задоцнето предвремено раѓање* (од 32 до < 37 недели).
Индукција или породувањето со царски рез не треба да се планираат пред завршени 39 недели, освен ако не се медицински индицирани.

Се проценува дека секоја година 15 милиони доенчиња се раѓаат прерано. Тоа се повеќе од едно на 10 доенчиња. Близу 1 милион деца умираат секоја година поради компликации од предвременото раѓање. Многу преживеани се соочуваат со доживотен инвалидитет, вклучувајќи неспособност за учење и проблеми со видот и слухот.
Глобално, прематуритетот е водечка причина за смрт кај децата под 5 години. И скоро во сите земји со веродостојни податоци, стапката на предвремени раѓања расте.

Разликите во стапката на преживување ширум светот се сериозни. Во средини со низок приход, половина од доенчињата родени со или пред 32 седмици (2 месеци порано) умираат поради недостиг од изводлива, кост-ефективна заштита, која вклучува загревање, поддршка на доењето и основна заштита од инфекции и тешкотии со дишењето. Во земјите со висок доход, скоро сите од овие доенчиња преживуваат.

Преттерминското породување се случува поради различни причини. Најголем број преттермински породувања се случуваат спонтано, но некои се должат на рана индукција на раѓањето или породување со царски рез, било поради медицински или немедицински причини.

Обично причините за преттерминско породување вклучуваат повеќекратни бремености, инфекции и хронични состојби како што се дијабет и висок крвен притисок; меѓутоа, честопати не се идентификува ниту една причина. Исто така, може да постои генетско влијание. Подоброто разбирање на причините и на механизмите на преттерминското породување ќе го унапреди развојот на решенија за да се спречи предвременото раѓање.

Повеќе од 60% од предвремените раѓања се случуваат во Африка и Јужна Азија, но предвременото раѓање е *вистински глобален проблем*. Во просек, во земјите со низок приход, 12% од доенчињата се родени прерано споредено со 9% во земјите со висок приход. Во земјите одделно, посиромашните семејства се со повисок ризик.

---

Ноември 2017
Преземено од: http://www.who.int/
Подготвил: прим. д-р сци. Весна Спирова